ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-135/3
21.02. 2025 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 1, член 3, член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Службен весник на РСМ бр.129/24), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РСМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 89/22, 274/22 и 208/24), член 13 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Службен весник на РМ бр.7/2016),член 12 став 6 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (Службен весник на РСМ бр. 128/24), Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец" Пехчево за регулиран период 2025 - 2027 година УП1 бр.08-802/24 од 10.02.2025 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и член 14 од Статутот, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" – Пехчево, на седницата одржана на ден 21.02.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец"- Пехчево за регулиран период 2025-2027 година

### Член 1

Тарифите за услугата снабдување со вода за пиење или водоснабдување што ЈКП "Комуналец" - Пехчево ја врши одделено по категории на корисници, донесена врз основа на Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец"- Пехчево за регулиран период 2025-2027 година УП1 бр. 08 – 802/24 од 10.02.2025 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, изнесува:

1. За регулиран период 2025-2027 година, се утврдува тарифа на услугата снабдување со вода за пиење за Домаќинства и тоа:

   - За 2025 година во износ од 34,76 ден/м$^3$ + 53,73 ден/месечен фиксен надоместок
   - За 2026 година во износ од 35,40 ден/м$^3$ + 53,63 ден/месечен фиксен надоместок
   - за 2027 година во износ од 36,56 ден/м$^3$ + 53,57 ден/месечен фиксен надоместок

2. За регулиран период 2025-2027 година, се утврдува тарифа на услугата снабдување со вода за пиење за Останати корисници и тоа:

   - За 2025 година во износ од 59,09 ден/м$^3$ + 75,22 ден/месечен фиксен надоместок
   - За 2026 година во износ од 60,18 ден/м$^3$ + 75,08 ден/месечен фиксен надоместок
   - за 2027 година во износ од 62,15 ден/м$^3$ + 75,00 ден/месечен фиксен надоместок

На овие тарифи ќе се пресметува +5% ДДВ и +2% надоместок за користење на вода.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2022-2024 година бр. 02-487/2 од 17.08.2021 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила по добиена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на одредбите од член 1, член 3, член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Службен весник на РСМ бр.129/24), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РСМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 89/22, 274/22 и 208/24), член 13 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Службен весник на РМ бр.7/2016),член 12 став 6 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (Службен весник на РСМ бр. 128/24), Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец" Пехчево за регулиран период 2025 - 2027 година УП1 бр.08-802/24 од 10.02.2025 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Управен одбор на
ЈКП „Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

21.02.2025 година
Пехчево

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КОМУНАЛЕЦ" П.О. ОПШТИНА ПЕХЧЕВО 2

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-135/4
21.02.2025 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 1, член 3, член 14 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Службен весник на РСМ бр.129/24), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РСМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 89/22, 274/22 и 208/24), член 13 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Службен весник на РМ бр.7/2016),член 12 став 6 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (Службен весник на РСМ бр. 128/24), Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" Пехчево за регулиран период 2025 - 2027 година УП1 бр.08-803/24 од 10.02.2025 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и член 14 од Статутот, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" – Пехчево, на седницата одржана на ден 21.02.2025 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" – Пехчево за регулиран период 2025-2027 година

### Член 1

Тарифите за собирање и одведување на урбани отпадни води што ЈКП "Комуналец" - Пехчево ја врши одделено по категории на корисници донесена врз основа на Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за регулиран период 2025-2027 година УП1 бр. 08 – 803/24 од 10.02.2025 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, изнесува:

1. За регулиран период 2025-2027 година, се утврдува тарифа на услугата собирање и одведување на урбани отпадни води за Домаќинства и тоа:
   - За 2025 година во износ од 16,32 ден /м$^3$
   - За 2026 година во износ од 16,49 ден /м$^3$
   - за 2027 година во износ од 16,66 ден /м$^3$
2. За регулиран период 2025-2027 година, се утврдува тарифа на услугата собирање и одведување на урбани отпадни води за Останати корисници и тоа:
   - За 2025 година во износ од 32,63 ден /м$^3$
   - За 2026 година во износ од 32,98 ден /м$^3$
   - за 2027 година во износ од 33,32 ден /м$^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5% ДДВ и +1% надоместок за испуштање на отпадни води.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ”Комуналец“- Пехчево за регулиран период 2022-2024 година бр. 02 -487/3 од 17.08.2021 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила по добиена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на одредбите од член 1, член 3, член 14 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Службен весник на РСМ бр.129/24), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РСМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 89/22, 274/22 и 208/24), член 13 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Службен весник на РМ бр.7/2016),член 12 став 6 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (Службен весник на РСМ бр. 128/24), Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП “Комуналец“ Пехчево за регулиран период 2025 - 2027 година УП1 бр.08-803/24 од 10.02.2025 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

21.02.2025 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП “Комуналец“- Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-261/1
14.03. 2025 год
ПЕХЧЕВО

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ“п.о.
ПЕХЧЕВО

| Примено | 20.03.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Ор. един | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 171/1 | | |

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.03.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2025 - 2027 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2025 - 2027 година.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, за регулиран период 2025 - 2027 година бр. 02-135/3 од 21.02.2025 година, е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Пехчево, а ќе почне да се применува од 1-ви април 2025 година.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

В. Ѓорѓиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ПЕХЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-260/1
14.03.2025 год
ПЕХЧЕВО

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ" п.о.
ПЕХЧЕВО

| Примено | 20.03.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Ор. един | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 172/1 | | |

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.03.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на одлука од УО на ЈКП Комуналец за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2025 - 2027 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП Комуналец за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2025-2027 година.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП Комуналец за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води, за регулиран период 2025-2027 година бр. 02-135/4 од 21.02.2025 година, е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Пехчево, а ќе почне да се применува од 1-ви април 2025 година.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

В. Ѓорѓиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПЕХЧЕВО
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО